МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА - БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО
MINISTRY OF EDUCATION AND SCIENCE - BUREAU FOR DEVELOPMENT OF EDUCATION

Република Македонија
Центар за стручно
образование и обука

Министерство за образование и наука

ПРОЕКТ ЗА РАЗВИВАЊЕ ВЕШТИНИ И ПОДДРШКА НА ИНОВАЦИИ (SDISP)

# УПАТСТВО

# за доделување на ЕЦВЕТ кредити и поени во стручното образование и обука

Мај, 2018 г.

Република Македонија
Министерство за образование и наука

Проект на Министерство за образование и наука на Република Македонија

Проектот го спроведува конзорциум предводен од
ARCHIDATA

Ова Упатство е изработено во рамките на Проектот на Светска банка за модернизација на техничкото образование со консултации и во тесна соработка со Министерството за образование и наука, вклучително и со Одделението за НРК, Центарот за стручно образование и обука, Бирото за развој на образование и Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Ова Упатство може да послужи како добра основа за понатамошно развивање на ЕЦВЕТ систем во Република Македонија.

Упатството го изработија:

- м-р Роза Арсовска, ЦСОО
- м-р Зоран Јовчевски, ЦСОО
- м-р Бранко Алексовски, ЦСОО
- Трајче Ѓорѓијевски, БРО
- м-р Валентина Гоцевска, БРО
- Славица Димовска, Проект за модернизација на техничкото образование

Посебна благодарност од авторите до сите советници од двете институции кои дадоа придонес во изработката на документот.

## *Вовед*

Во изминатата деценија, во Република Македонија интензивно се работеше на полето на креирање и операционализација на Националната рамка на квалификации (НРК), како и на изработка на стандарди за занимања и квалификации, кои се во нејзина функција.

Од 2013 година, заедно со промените од февруари 2016 стапи на сила Законот за националната рамка на квалификации, кој треба да го трасира процесот на операционализација на НРК која е позитивно оценета од страна на земјите-членки на Европската Унија, бидејќи во голема мерка кореспондира со Европската рамка на квалификации (ЕРК). Обезбедувањето стандардизација, односно усогласеност и компатибилност на Националната со Европската рамка за квалификации значи дека се прави исчекор кон постигнувањето конзистентност во образовните стандарди, програмите, наставниот кадар и компетенциите на учениците, што од друга страна ја зголемува можноста за мобилност, транспарентност и препознатливост на македонското техничко образование на поширокиот европски образовен простор.

Преку операционализација на НРК и нејзината усогласеност со ЕРК се олеснува и процесот на признавање на претходно стекнатото неформално и информално образование и учење на индивидуите, кое може да помогне во намалување на стапката на невработеност во земјата, инклузија на маргинализираните групи со ниско образовно ниво на пазарот на трудот и подигање на националната економија.

Иницијативите за економска и социјална интеграција на земјите во Европа, на преден план ја истакнуваат потребата од зајакнување на мобилноста, трансферот на искуствата и транспарентноста на квалификациите. За таа цел, во 2006 година беше пласирана идејата за трансформација на стручното образование и обука според методологијата на Европскиот кредит систем во стручното образование (ECVET – European Credit system for Vocational Education and Training)[1].

За да може изработувачите на наставни планови и квалификации успешно да ги распределуваат кредитите и поените, во рамките на проектот на Светска банка е изработено Упатство со цел да го поддржи нивното распределување во реформираните и новите квалификации во техничкото образование во Република Македонија. Во Упатството се објаснети основните ЕЦВЕТ концепти и процеси и се дадени насоки и примери за имплементирање на ЕЦВЕТ. Пристапот се базира на Препораките на Европскиот парламент и на Советот, како и на најдобрите практики во земјите-членки на

[1] Commission of the European Communities (2006). European Credit system for Vocational Education and Training (ECVET). A system for the transfer, accumulation and recognition of learning outcomes in Europe. SEC(2006) 1431. (Комисија на ЕЗ 2006. Европски кредит систем за СОО (ЕЦВЕТ). Систем за трансфер, акумулација и признавање на резултати од учење во Европа). СЕК(2006) 1431.

ЕУ. Беа анализирани постојните пилот-проекти и иницијативи и приспособени кон спецификите на Република Македонија.

***ПОИМНИК***

**ЕЦВЕТ** (ECVET - Европски кредит трансфер систем за стручно образование и обука) претставува просечното вкупно потрошено време за стекнување на одредена квалификација за кредити во стручното образование и обука.

***Обем на квалификација:*** за секоја квалификација се одредува обем, односно просечно вкупно потрошено време потребно за стекнување на одредена квалификација. Обемот на квалификациите, односно нивната кредитна вредност се определува со број на кредити.

***Образовна програма:*** претставува збир од следните документи - наставен план, наставна програма и испитна програма во која се презентираат намената/целите, резултатите на учење/компетенциите, содржината на наставната програма, пристапот на учењето и наставата, методите и критериумите на оценување во согласност со резултатите на учењето.

***Модул:*** е независна единица на учење која е целосна или дел од образовна / студиска програма.

***Модуларна единица:*** е помала организациска целина, која може да се реализира за време од определен број на часови, содржи еден или повеќе резултати од учење и е составен дел на наставната програма.

***Резултати од учење:*** резултатите од учење се искази за тоа што знае, што разбира и што може да прави учесникот, како резултат на формалниот, неформалниот или информалниот процес на учење. Резултатите од учење се дефинираат во смисла на знаења, вештини и компетенции (самостојност и одговорност);

***ЕЦВЕТ поени:*** се нумеричка вредност на глобалната тежина на резултатите од учење во една квалификација и релативната тежина на модуларните единици во однос на квалификацијата.

***Кредит:*** е квантитативна мерка за изразување на обемот на учењето врз основа на обемот на работа што им е потребен на учесниците со цел да ги постигнат очекуваните резултати од процесот на учење на дадено ниво.

***Еден ЕЦВЕТ кредит:*** опфаќа 25 работни часа во траење од по 45 минути потребни за стекнување на одредени резултати од учењето.

***Кредит систем:*** е систем за акумулирање и трансфер на кредити врз основа на транспарентноста на резултатите од учењето и процесите на учење.

***Кредит трансфер:*** е процес преку кој на резултатите од учење постигнати во еден систем или институција може да им се одреди вредност во друг систем или институција.

***Акумулација на кредити:*** е процес на собирање кредити доделени за постигнување на резултати од учењето на образовни компоненти или други активности на учење.

***Алокација на кредит:*** е процес на доделување на одреден број на кредити на една квалификација/програма или на други образовни компоненти.

***Часови учење:*** во ЕКТС системите, часовите се однесуваат на времето поминато во напор за учење со цел да се достигнат одредени резултати од учење. 30 часа се помалку или повеќе еквивалентни на 1 ЕКТС кредит. 25 часа се приближно еквивалентни на 1 ЕЦВЕТ кредит. Кредитите и часовите учење вообичаено не се мерат во денови.

## *1. Европски кредит трансфер систем за стручно образование и обука - ЕЦВЕТ*

ЕЦВЕТ е нов европски инструмент за промоција на заедничката доверба, мобилноста и препознавањето во стручното образование и обука. Тој е развиен од страна на земјите-членки на ЕУ и Европската комисија, а усвоен од страна на Европскиот парламент. ЕЦВЕТ е базиран на концепти и процеси кои се користат за да може на систематски начин да се воспостави заеднички и прифатлив јазик за транспарентност, трансфер и признавање на резултатите од учењето. Некои од овие концепти и процеси се веќе вградени во многу системи на квалификации низ Европа. Во соработка со земјите, Европската комисија го следи и координира тестирањето и процесот на имплементација**.** Комисијата ги идентификува преносливите практики и развивањето на алатки за поддршка (упатства).

ЕЦВЕТ се применува за сите резултати од учењето што можат да се постигнат преку различни форми и начини на образование и учење низ сите нивоа на Европската рамка на квалификации во контекст на доживотното учење („ЕРК“), а потоа да се трансферираат и признаат. На тој начин, ЕЦВЕТ придонесува кон глобалните цели за унапредување на доживотното учење и зајакнување на вработливоста, отвореноста кон мобилноста и социјалната инклузија на оние кои се дел од пазарот на труд и оние кои се во образовниот процес. Тој особено го поттикнува развивањето на флексибилни и индивидуализирани патишта и признавањето на оние резултати од учењето кои се стекнати по пат на неформално и информално учење.

Додека главната цел на ЕРК е зајакнување на транспарентноста, споредливоста и преносливоста на стекнатите квалификации, ЕЦВЕТ има за цел овозможување на

трансфер, признавање и акумулирање на резултатите од учењето на поединците на нивниот пат кон стекнување на квалификација.

## *2. Цели на ЕЦВЕТ*

***Имплементацијата на ЕЦВЕТ во техничкото образование и обука има за цел да:***

- ја олесни и поттикне мобилноста на учениците во и надвор од образовниот систем;
- го олесни патот до пазарот на труд, преку вреднување и признавање на стекнатите компетенции;
- овозможи акумулација на кредити и поени, потребни за завршување на образовна програма и пренос на кредитите и поените од една во друга образовна програма;
- го олесни повторното вклучување на лицата во образованието и доживотното учење;
- го олесни признавањето на резултатите од учењето, стекнати во формалното, неформалното и информалното учење;
- поттикне планирање на различни видови на активности за учење на учениците со цел достигнување на целите на програмата (практична настава, проектна работа, семинарски работи, самонасочено учење, и сл.).

## *3. Заснованост на ЕЦВЕТ*

***ЕЦВЕТ е заснован на:***

- ***резултати од учење***, кои претставуваат искази за знаењата, вештините, ставовите и компетенции што можат да се постигнат преку различни контексти на учење.
- ***модули*** со дефинирани резултати од учење кои се компоненти на квалификациите. Модулите може да се проценат, потврдат и признаат.
- ***ЕЦВЕТ поените*** даваат дополнителни информации за модуларните единици во квалификациите кои се изразени во нумеричка форма.
- ***кредит кој е даден за оценување*** и документирање на резултатите од учењето на учениците. Кредитите може да се пренесат во други контексти и да се акумулираат во стекнувањето на квалификации базирани на стандарди на квалификации и прописи коишто постојат во земјите-учеснички.

### *3.1. Резултати од учење*

Со цел да се имплементира ЕЦВЕТ неопходно е квалификациите да се опишат со употреба на резултати од учење. Оценетите резултати од учење ги сочинуваат кредитите, кои пак се основа за пренос помеѓу контекстот на учење и акумулацијата на резултатите од учењето.

Во ЕЦВЕТ, резултатите од учењето се користат како основа за трансфер и акумулација на кредитите. Резултатите од учењето не се зависни од процесот на учење, содржината на наставата или контекстот на учење во кој се постигнати и затоа може да се користат за да се утврди дали она што кандидатот го постигнал во една ученичка средина или контекст може да се спореди со она што од него се очекува да го постигне во друга средина или контекст.

Резултатите од учењето се развиваат во процесот на дизајнирање на квалификациите. Постојат различни пристапи за идентификување и опишување на резултатите од учењето, во зависност од системот за квалификации. Резултати од учењето може да се усвојуваат преку различни патишта на учење (во училиште, во компанија, итн.) и во различни контексти на учење (формално, неформално и информално).

Резултатите од учење се опишуваат со користење на терминологија и дескриптори кои постојат во Националната рамка на квалификации.

При спроведување на ЕЦВЕТ, многу е важно да се обезбеди резултатите од учење за квалификациите и единиците да бидат јасно идентификувани и опишани, за да се овозможи взаемно разбирање на квалификациите и мислењето за тоа:

- дали квалификациите што се во рамките на партнерството за мобилност водат до исто или слично занимање.
- дали резултатите од учењето што се опишани во едно уредување или контекст се споредливи со оние резултати од учење што се очекуваат во друго уредување или контекст.

Резултатите од учење се содржат во стандардите на квалификации и во модуларно дизајнираните наставни програми за четиригодишното техничко образование. Покрај нивното учество во групирањето и формирањето на модули, резултатите од учење се користат и при определувањето на кредитните вредности на квалификацијата.

### *3.2. Модули*

Модулите се компоненти на квалификацијата, која се состои од кохерентен збир на знаења, вештини и компетенции коишто може да се оценат и потврдат. Модулите дозволуваат прогресивно постигнување на квалификации преку трансфер и акумулација на резултати од учење. Тие се предмет на процесот на проценка и верификација кој е потврден и кој евидентира дека кандидатот ги постигнал очекуваните резултати од

учењето. Во зависност од постојните прописи, модулите можат да бидат исти за неколку квалификации или да бидат специфични за одредена квалификација. Модулите се собираат врз основа на барањата на квалификацијата, коишто може да бидат повеќе или помалку ограничени, во зависност од практиката на системот за квалификации и начинот на кој се дизајнирани стандардите на квалификации. Тие, исто така може да се користат за структурирање на формалните образовни програми и програмите за обука. Целта на ЕЦВЕТ е да го олесни пренесувањето, препознавањето и акумулацијата на постигнатите резултати од учењето на поединците коишто се стремат да стекнат квалификација. Ова е можно затоа што секој модул е документиран, а резултатите од учењето што се содржани во секој од модулите се оценуваат и потврдуваат.

Согласно образецот за изработка на стандард на квалификација, секоја квалификација содржи задолжителни и изборни модули (точка 11 и 12), дефинирани резултати од учење (точка 15) и начин на проверка и критериуми за проверка на резултатите од учењето (точка 16). На модулите им се додаваат ***ЕЦВЕТ*** поени кои му даваат информации на ученикот за релативната тежина на тоа што тој/таа веќе го акумулирал, како и информации за тоа што му преостанува да постигне.

### *3.3. ЕЦВЕТ поени*

ЕЦВЕТ поените се нумеричка вредност на глобалната тежина на резултатите од учење во една квалификација и релативната тежина на модулите во однос на квалификацијата. Заедно со описите на резултатите од учење и информациите за нивото на квалификации, ЕЦВЕТ поените можат да го поддржат разбирањето на квалификацијата. Важно е да се истакне дека со ЕЦВЕТ се доделуваат поени на квалификациите, а не на образовните програми, но кога се одлучува за бројот на ЕЦВЕТ поени што треба да ѝ се доделат на одредена квалификација, секогаш како референтна точка се зема образовна програма за формално образование.

Според Европската Унија, ЕЦВЕТ поените се доделуваат на квалификација според следната конверзија: 60 поени се доделуваат на резултати од учење што се очекува да се постигнат во тек на една учебна година/формална обука. Тоа значи дека за квалификациите во техничкото образование коишто се стекнуваат за време од четири години, може да се доделат минимум 240 ЕЦВЕТ поени, односно се доделуваат по минимум 60 поени за секоја учебна година.

Покрај доделувањето на ЕЦВЕТ поените на ниво на квалификација, тие можат да се доделуваат и на модулите, врз основа на нивната релевантна тежина во рамките на квалификацијата. Збирот на ЕЦВЕТ поените на сите модули го даваат вкупниот број на ЕЦВЕТ поените на целата квалификација.

ЕЦВЕТ поени на квалификации и на модули ги доделуваат институции надлежни за развивање на квалификациите, или институции овластени да доделуваат ЕЦВЕТ

поени, во рамките на системот на квалификации. Имајќи во предвид дека во Македонската рамка на квалификации се искажани бројот на кредитите кои се стекнуваат од нивоа и поднивоа на квалификациите и споредливост со нивоата на Европската рамка на квалификации, во оваа фаза на градењето на квалификацискиот систем акцент ќе биде ставен на доделување на ЕЦВЕТ кредити на квалификациите. Откако ќе бидат создадени капацитети на институциите надлежни за развивање на квалификациите и откако ќе се дефинираат постапките за претворање на кредитите во поени, во следната фаза ќе се врши доделување на ЕЦВЕТ поени.

### *3.4. ЕЦВЕТ кредити*

Треба да се направи разлика меѓу ЕЦВЕТ поени и ЕЦВЕТ кредити. ЕЦВЕТ кредитот ги означува резултатите од учењето што ученикот ги постигнал, додека пак ЕЦВЕТ поените обезбедуваат информации за обемот на квалификацијата и релативната тежина на модуларните единици.

Кредитот се доделува на резултатите од учење и го означува постигнувањето на резултатите од учење на поединецот, кои се оценети и коишто може да се акумулираат во насока на стекнување на квалификација или да се трансферираат во други програми за учење или квалификации. Кредитите се однесуваат на фактот дека ученикот ги постигнал очекуваните резултати од учење кои се оценети позитивно и резултатот од оценувањето е документиран во соодветен документ. Врз основа на оваа документација, другите институции можат да ги признаат кредитите на учениците.

Кредитниот систем во стручното образование е систем кој овозможува преку единиците на образовната програма да се одреди обемот на доделувањето кредити. Значи, секоја единица од образовната програма (модул, предмет, модуларна единица) има релативна вредност во однос на образовната програма во целина и е изразена во форма на кредити, кои се собираат и пренесуваат.

Кредитниот систем се употребува за кредитно вреднување на резултатите на учење, без разлика на начинот на образованието и учењето; овозможува систематичен опис на образовните програми и нивно вреднување со кредити; обезбедува транспарентност и споредливост на образовните програми.

Кредитниот систем треба да:

- ја олесни и поттикне мобилноста на учениците/посетителите;
- го олесни патот до пазарот на трудот, преку вреднување и признавање на стекнатите знаења, вештини и компетенции;
- овозможи собирање на кредити, потребни за завршување на образовните програми и пренос на кредитите од една програма во друга;
- го олесни повторното вклучување во образованието и доживотното учење;
- го олесни признавањето на резултатите на учење, стекнати во формалното и неформалното образование и информалното учење;

- го поттикне планирањето на активности на учениците за постигнување на целите (проектна работа, семинарски работи и сл.);

При одредување на кредитните вредности на образовната програма треба да се има предвид одредбата од Законот за НРК, со кој е пропишано дека образовните програми се вреднуваат со следниот број на кредити:

- образовни програми за стручно оспособување -120 кредити;
- образовни програми за занимања со тригодишно траење -180 кредити;
- образовни програми за техничко образование со траење од четири години - 240 кредити;
- образовни програми за постсредно образование – 60 до 120 кредити.

Во согласност со Законот за Националната рамка на квалификации, еден ЕЦВЕТ кредит изнесува вкупно 25 работни часа во траење од по 45 минути потребни за стекнување на одредени резултати од учењето. Во тие 25 часа вкупно учење или оптовареност на ученикот спаѓаат теоретска настава, вежби и практична настава, менторство, самостојно учење, како на пример, читање, истражување, учество на семинари, конференции, упатства, задачи и оценување и слични активности во неформално и информално учење (Преглед 1).

Преглед 1: Шематски приказ на содржината на еден кредит




Наставата се однесува на наставните часови коишто се реализираат под директен надзор на наставник или обучувач. Часовите поминати во самостојно учење се однесуваат на часови каде нема директен надзор од наставник или обучувач. Во случај на теренска посета која не е под надзор, таа исто така се смета за самостојно учење, додека пак вежбите и практичната настава се часови поминати под надзор на наставникот или обучувачот. Часовите за оценување треба да вклучат време потребно за подготовка за задачата (на пр. ако ученикот треба да помине шест часа во читање литература за да биде способен да работи на задачата, тогаш тие шест часа треба да

бидат вклучени во работните часови). Во случај на испит, се наведува само времето планирано за испитот.

### *4. Време поминато во учење и часови поминати во настава*

Времето поминато во учење се дефинира како време што учениците во просек го одвојуваат на ниво на модуларна единица за да ги постигнат резултатите од учење на модуларната единица, според стандард утврден со критериумите за оценување. Функцијата на времето поминато во учење е да обезбеди индикација за обемот на учење во врска со постигнувањето на специфичните резултати. Времето поминато во учење не е егзактна конкретна мерка, туку направена процена за која е постигната согласност од оние кои се информирани и искусни во релевантната област на постигнувања и коишто ги разбираат контекстите во коишто може да се одвива учењето. Ова го прават стручњаци од соодветната област со што се обезбедува транспарентност на процесот и води до признавање на кредитната вредност и нејзино прифаќање од соодветните чинители.

Концептот на време поминато во учење е применлив на учење во најразлични контексти. Оваа мерка на време поминато во учење не го утврдува точното време што го потрошил индивидуалниот ученик, реалното време варира и е под влијание на фактори какви што се: индивидуалниот стил на учење и претходното учење. Важно е да се истакне дека времето на учење не е количината на потрошено време, на пример, број на часови во кои ученикот вежба за настап или број на часови што ученикот ги поминува на обука на работно место. Ниту пак се број на часови во текот на кои ученикот присуствува на курс или збир на часови поминати во активно учество во активности на учење. Процесот на утврдување кредитна вредност се фокусира на резултатите од учење и критериумите за оценување на една модуларна единица. Фокусот е ставен на начинот на реализирање што се користи за да ги поддржи учениците во постигнувањето на резултатите од учење, а не на контекстот на реализирање.

**Наставата** се однесува на оние часови, во текот на кои наставник, обучувач или фасилитатор презентира и придонесува кон процесот на учење. Времето поминато во учење, како споредба, претставува процена на целокупното време потребно за постигнување на резултатите од учење. Тоа може да биде исто како и времето поминато во настава, но поверојатно е дека тоа го вклучува и времето надвор од наставата, потребно за стекнување знаење и/или развивање вештини. Времето поминато во учење треба да го опфати целокупното учење релевантно за резултатите од учење, без оглед каде, кога и како се одвива учењето. Не постои однапред утврден сооднос меѓу наставата и времето поминато во учење.

### *5. Акумулирање на ЕЦВЕТ кредити*

При одредувањето кредитни вредности за една образовна програма треба да се има предвид одредбата од Законот за НРК, која пропишува дека образовните програми се вреднуваат со следниот број на кредити:

- образовни програми за стручно оспособување -120 кредити;
- образовни програми за занимања со тригодишно траење -180 кредити;
- образовни програми за техничко образование со траење од четири години - 240 кредити;
- образовни програми за постсредно образовани 60-120 кредити.

***Акумулација на кредити*** претставува процес преку кој учениците може да стекнат квалификација прогресивно, преку последователни оценувања и потврдувања на резултатите од учење. За акумулацијата на кредити одлучува компетентна институција одговорна за доделување на квалификацијата. Кога ученикот ќе го стекне потребниот број кредити и кога ќе бидат исполнети сите услови за доделување на квалификацијата, на ученикот му се доделува квалификацијата. Во ЕЦВЕТ, акумулацијата е овозможена преку употребата на резултати од учење, коишто можат прогресивно да се оценуваат, потврдуваат и признаваат. Акумулацијата се спроведува во согласност со правилата од важечката законска регулатива во земјата. Овие правила дефинираат кои резултати од учење се акумулираат во насока на определена квалификација и како тие се оценуваат и потврдуваат.

### *6. Пресметување кредити*

Пресметувањето кредити започнува откако претходно ќе бидат дефинирани модулите и сите наставни програми што ќе бидат застапени во наставниот план, со определен неделен и годишен фонд на часови. Во задолжителниот број на кредити влегуваат кредитите од наставните програми од општото образование, стручното образование и практичното образование, како и активностите за подготовка и полагање на завршен или матурски испит. Во наставниот план се пресметуваат и кредити за Македонски јазик и литература за учениците од другите заедници и програмираните содржини од училиштето, но тие не влегуваат во задолжителниот минимум од 60 кредити за една година, односно 240 кредити за квалификациите во техничкото образование. Нив ги добива ученикот надвор од задолжителниот минимален број на кредити. Времето за феријална практика која е задолжителен дел од наставниот план не се изразуваат во кредити и не влегува во вкупниот број на кредити што се стекнуваат во текот на образованието.

При пресметувањето на кредитите треба да се земе предвид и соодносот меѓу општото и стручното образование, согласно со Концепцијата за модернизација на техничкото образование. На почетокот на техничкото образование, односно во прва и втора година, акцент е ставен на развивање на пошироките клучни компетенции во споредба на меѓусекторските вештини. Тоа значи дека балансирањето на кредитите во прва и втора година ќе биде во корист на општото образование, во споредба со стручното и практичното образование. Во трета и четврта година од образованието акцентот е ставен на развивање вештини од поконкретни области на занимањата и квалитетно учење преку работа, што значи дека и балансирањето на кредитите од тие области ќе биде поголема во споредба со општото образование (според приказот во Преглед бр. 2).

Преглед 2: Соодноc на општото и стручното образование во наставните планови на техничкото образование

| Година | Општо образование | Стручно образование |
|---|---|---|
| 1. | 70% | 30% |
| 2. | 60% | 40% |
| 3. | 40% | 60% |
| 4. | 30% | 70% |

Пресметувањето кредити во техничкото образование ќе се изведува во два чекори.

### *6.1. Прв чекор за пресметување кредити*

Појдовна основа за пресметување кредити за квалификации од техничкото образование е минимален број од 60 кредити за една учебна година и минимален број од 240 кредити за сите четири години на образованието, што се утврдени со Законот за НРК (2013). Во првиот чекор ќе се пресметуваат кредити за секоја наставна програма, така што од вкупно 60 кредити што треба да се постигнат во една година, во првата фаза ќе бидат распоредени 50 кредити. Тие ќе бидат поделени на сите наставни програми што се изучуваат во тековната година (освен наставните програми по Македонски јазик и литература за учениците од другите заедници и програмираните содржини од училиштето).

За пресметување кредити во првата фаза, покрај вкупниот неделен и годишен фонд на наставни часови, ќе се користи и коефициент за определување на вкупниот број работни часови. Коефициент се користи бидејќи, покрај неделниот и годишниот број на наставни часови, во вкупниот број на работни часови влегуваат и часови за други активности на ученикот, односно часови за самостојно учење, работни задачи, учество во групни и индивидуални проекти, презентации на одредени теми, подготовка на портфолио и др. За пресметување на коефициентот е потребно да се знае вкупниот број на часови за тековната година. Вкупниот број на часови за една година се пресметува кога неделниот фонд на часови (30 часа) се множи со бројот на работните недели во наставната година. Наставната година за незавршните години трае 36 недели, а за завршните години 33 недели. Вкупниот број на часови за I;II и III година изнесува 1080 часа (30x36=1080), а вкупниот број на часови за IV година изнесува 990 часа (30x33=990).

Определувањето на коефициентот за пресметување на вкупниот број работни часови за наставните програми за I;II и III година се пресметува според следната формула:

$$\sum \text{кредити за наставна програма} = \frac{\sum \text{год. наставни часови за програма} \times K(\text{коефициент})}{25}$$

$$\text{К} = \frac{25 \times \text{број на вкупно предвидени кредити за една година}}{\text{вкупен број на часови за тековната година}}$$

$$К = \frac{25 \times 50}{1080} \rightarrow К = 1,16$$

Определувањето на вкупниот број на работни часови за наставни програми кои се реализираат со времетраење од 36 работни недели се врши според следната формула:

$\sum$ вкупно работни часови $= \sum$ вкупно наставни часови х1,16= вкупно раб. часови за програм.

Определувањето на коефициентот за пресметување на вкупниот број работни часови за наставните програми за IV година се пресметува според следната формула:

$$\sum \text{кредити за наставна програма} = \frac{\sum \text{год. наставни часови за програма} \times K(\text{коефициент})}{25}$$

$$К = \frac{25 \times \text{број на вкупно предвидени кредити за една година}}{\text{вкупен број на часови за тековната година}}$$

$$К = \frac{25 \times 50}{1080} \rightarrow К = 1,16$$

Определувањето на вкупниот број на работни часови за наставни програми кои се реализираат со времетраење од 33 работни недели се врши според следната формула:

$\sum$ вкупно работни часови $= \sum$ вкупно наставни часови х1,16= вкупно раб. часови за програм.

Работните часови над редовниот фонд на часови треба да се распоредат на активности за постигнување на резултатите од учењето: часови поминати во самостојно учење, часови за работните задачи, учество во групни и индивидуални проекти, презентации на одредени теми, подготовка на портфолио и др. Се препорачува во наставната програма, во делот од модуларните единици „активности и методи“ да се наведат активностите на работните часови што ќе ги реализираат учениците за постигнување на резултатите од учењето над редовниот фонд на часови: самостојно учење, самооценување, проектна работа, посета на компании, подготовка на портфолио, презентации и други активности.

Вкупните работни часови поминати во севкупно учење за наставните програми, застапени со различен неделен и годишен фонд на часови, работни часови над редовниот фонд на часови, како и бројот на пресметани кредити се дадени во Преглед бр. 3:

Преглед бр. 3: Вкупен број на пресметани работни часови за наставни програми со работни часови над редовниот фонд и пресметаниот број на кредити

| Неделен фонд на часови | Годишен фонд на часови I;II;III | Годишен фонд на часови IV | Вкупно работни часови според формула (1,16) I;II;III | Вкупно работни часови според формула (1,26) IV | Работни часови над неделниот и годишниот фонд на часови I;II;III | Работни часови над неделниот и годишниот фонд на часови IV | Број на кредити I;II;III | Број на кредити IV |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 36 | 33 | 42 | 42 | 06 | 09 | 2 | 2 |
| 2 | 72 | 66 | 84 | 84 | 12 | 18 | 3 | 3 |
| 3 | 108 | 99 | 125 | 125 | 17 | 26 | 5 | 5 |
| 4 | 144 | 132 | 167 | 167 | 23 | 35 | 7 | 7 |
| 5 | 180 | 165 | 209 | 208 | 29 | 43 | 8 | 8 |
| 6 | 216 | 198 | 251 | 250 | 35 | 32 | 10 | 10 |
| 7 | 252 | 231 | 292 | 291 | 40 | 60 | 12 | 12 |

❖ ***Примери за пресметување кредити за наставна програма***

Ако наставната програма Техничко цртање со компјутерска комуникација за прва година за квалификацијата Градежен техничар се реализира со 108 часа годишен фонд, тогаш бројот на кредити за таа наставна програма се пресметува според дадената формула:

$$\sum \text{кредити за програмата} = \frac{\sum 108 \times 1{,}16}{25} = \frac{125}{25} = 5 \text{ кредити}$$

Во првата фаза се определува вкупниот број на работни часови (108x1,16=125 работни часа).

Бидејќи годишниот фонд од 108 часа се реализира преку теоретска настава и вежби, останатите 17 часа се распоредуваат за други работни часови надвор од наставата преку кои ученикот ќе ги постигне резултатите од учењето (Преглед бр. 4).

Преглед 4: Распоред на вкупни работни часови во наставната програма која се реализира во учебна година со траење од 36 работни недели

| | | |
|---|---|---|
| Часови поминати во севкупно учење за наставна програма Техничко цртање со компјутерска комуникација | Теориска настава | 72 |
| | Вежби | 36 |
| | Часови поминати во самостојно учење | 5 |
| | Проектна работа | 7 |
| | Оценување | 5 |
| **Број на *ЕЦВЕТ* кредити за наставната програма:** | | **5** |

Вкупните работни часови поминати во севкупно учење за наставната програма Техничко цртање со компјутерска комуникација и утврдување на кредитната вредност се дадени во математичкиот приказ:

1 ЕЦВЕТ= 25 часови учење / (72+36+05+07+05=125; 125:25=5 ЕЦВЕТ кредити)

Наставната програма Водовод и канализација за четврта година за квалификацијата Градежен техничар се реализира со 99 часа годишен фонд, тогаш бројот на кредити за таа наставна програма се пресметува според долната формула:

$$\sum \text{кредити за програмата} = \frac{\sum 99 \times 1{,}26}{25} = \frac{125}{25} = 5 \text{ кредити}$$

Во првата фаза се определува вкупниот број на работни часови (99x1,26=125 работни часа).

Бидејќи годишниот фонд од 99 часа се реализира преку теоретска настава, вежби и практична настава, останатите часа се распоредуваат за други работни часови надвор од наставата преку кои ученикот ќе ги постигне резултатите од учењето (Преглед бр. 5).

Преглед 5: Распоред на вкупни работни часови во наставна програма која се реализира во учебна година со траење од 33 работни недели

| | | |
|---|---|---|
| Часови поминати во севкупно учење за наставна програма Водовод и канализација | Теориска настава | 33 |
| | Вежби | 33 |
| | Практична настава | 33 |
| | Часови поминати во самостојно учење | 09 |
| | Проектна работа | 15 |
| | Оценување | 2 |
| **Број на *ЕКВЕТ* кредити за наставната програма:** | | **5** |

Вкупните работни часови поминати во севкупно учење за наставната програма Водовод и канализација и утврдување на кредитната вредност се дадени во математичкиот приказ:

1 ЕКВЕТ= 25 часови учење / (33+33+33+09+15+02=125; 125:25=5 ЕКВЕТ кредити)

После пресметување на кредитите за сите наставни програми од една година со користење на коефициентот 1,16 за I;II и III година и коефициентот 1,26 за VI година се добива наставен план со вкупен број од 50 кредити (Прилог бр. 1).

### *4.2. Втор чекор за пресметување кредити – нивелирање на кредитите*

Во вториот чекор се распоредуваат останатите 10 кредити што треба да бидат доделени на наставните програми коишто според содржината на резултатите од учење се

значајни за квалификацијата – нивелирање на кредитите. Во зависност од годината на изучување, 10-те кредити се распоредуваат според соодносот помеѓу општото и стручното образование во четирите години кој е дефиниран во Концепцијата за модернизација на техничкото образование (Преглед бр. 6):

Преглед бр. 6: Преглед на застапеност на дополнителни кредити за нивелирање во општото и во стручното образование

| Година | Застапеност на општото образование и дополнителен број на кредити | Застапеност на стручното образование и дополнителен број на кредити |
|---|---|---|
| 1. | 70% / 7 кредити | 30% / 3 кредити |
| 2. | 60% / 6 кредити | 40% / 4 кредити |
| 3. | 40% / 4 кредити | 60% / 6 кредити |
| 4. | 30% / 3 кредити | 70% / 7 кредити |

Одлуката за доделување кредитите на наставните програми ја донесуваат стручните тимови кои го изработуваат наставниот план, односно наставните програми и тоа тимови од Бирото за развој на образованието кои се надлежни за изработка на наставните програми во делот на општото образование и тимови од Центарот за стручно образование и обука кои се надлежни за изработка на наставните програми во делот на стручното образование.

- ***Пример за нивелирање на кредити***

Доколку за постигнување на клучните компетенции за квалификацијата Градежен техничар се заклучи дека значајни наставни програми од општообразовното подрачје се: Мајчин јазик, Англиски јазик, Информатика, Математика и Физика, 7-те кредити наменети за нивелирање на наставните програми од општото образование во прва година ќе бидат распоредени на тие пет програми (Преглед бр. 6):

Преглед бр. 6: Доделување дополнителни кредити на општообразовни програми за прва година за квалификацијата Градежен техничар

| Наставна програма | Дополнителни кредити | Работни часови над редовниот фонд на часови | Нивелиран број на кредити |
|---|---|---|---|
| Мајчин јазик | 2 | 125+50=175 | **5+2=7** |
| Англиски јазик | 1 | 84+25=109 | **3+1=4** |
| Информатика | 1 | 84+25=109 | **3+1=4** |
| Математика | 2 | 125+50=175 | **5+2=7** |
| Физика | 1 | 84+25=109 | **3+1=4** |

Доколку за постигнување на клучните компетенции за квалификацијата Градежен техничар се заклучи дека значајни наставни програми од стручното образование се: Градежништво, геодезија и другите сектори на квалификации, Техничко цртање со компјутерска комуникација и Нацртна геометрија, 3-те кредити наменети за стручното образование во прва година ќе бидат распоредени на тие три наставни програми (Преглед бр.8).

Преглед бр. 8: Доделување дополнителни кредити на  настани програми од стручното образование за прва година за квалификацијата Градежен техничар

| **Наставни програми** | **Дополнителни кредити** | **Работни часови над редовниот фонд на часови** | **Нивелиран број на кредити** |
|---|---|---|---|
| Градежништво, геодезија и другите сектори на квалификации | 1 | 144+25=169 | **7+1=8** |
| Техничко цртање со компјутерска комуникација | 1 | 125+25=150 | **5+1=6** |
| Нацртна геометрија | 1 | 84+25=109 | **3+1=4** |

- ***Пример за распоредување на работни часови додадени од нивелирањето на кредитите на наставната програма***

Од преглед бр. 7 се гледа дека наставната програма Техничко цртање со компјутерска комуникација спаѓа во значајни програми за квалификацијата. Тоа значи дека покрај вкупниот број од 125 работни часа кои се пресметани во првиот чекор и доделените 5 кредити,  во вториот чекор на нивелирање му се додава уште еден кредит, односно му се додаваат уште 25 работни часа со цел поуспешно да се постигнат резултатите од учење. Часовите треба да се додадат на 125-те часа кои се пресметани во првиот чекор и да се распоредат на активностите (Прилог бр. 9).

Преглед бр. 9: Нивелирање на часовите за наставниот предмет Техничко цртање со компјутерска комуникација

| | | |
|---|---|---|
| Часови поминати во севкупно учење за наставната програма Техничко цртање со компјутерска комуникација | Теориска настава | 72 |
| | Вежби | 36 |
| | Часови поминати во самостојно учење | 5+5=10 |
| | Проектна работа | 7+15=22 |
| | Оценување | 5+5=10 |
| **Број на *ЕЦВЕТ* кредити за наставна програма: (150:25)** | | **6** |

1 ЕЦВЕТ= 25 часови учење / (72+36+10+22+10=150; 150:25=6 ЕЦВЕТ кредити)

По пресметување на кредитите за сите наставни програми од една година со поделба на 10-те кредити значајни за квалификацијата се добива нивелиран наставен план со вкупен број од 60 кредити (Прилог бр. 2).

**ПРИЛОЗИ**

Прилог бр. 1: Наставен план за прва година за квалификацијата Градежен техничар со определени 50 кредити за наставните програми:

| Ознака на прог. подр. и модули | Програмски подрачја и модули | Ознака на предметите | Предмети | Број на часови (неделно - теорија, вежби и практична настава и годишно) и број на кредити | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | I година | | | |
| | | | | НЧ | | | ГЧ/к |
| | | | | Т | В | ПН | |
| **I. ОО** | **ОПШТО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | | |
| ЗОМ | Заеднички општообразовен модул | П1 | Македонски јазик и литература, а за учениците од другите заедници: албански јазик и литература, турски јазик и литература или српски јазик и литература<br><br>Македонски јазик и литература за учениците од другите заедници | 3<br><br>(2) | | | 108/5<br><br>72/3 |
| | | П2 | Англиски јазик | 2 | | | 72/3 |
| | | П3 | Историја | 2 | | | 72/3 |
| | | П4 | Информатика | 2 | | | 72/3 |
| | | П5 | Музичка култура | 1 | | | 36/2 |
| | | П6 | Ликовна уметност | 1 | | | 36/2 |
| | | П7 | Граѓанско образование | 2 | | | 72/3 |
| | | П8 | Спорт и спортски активности | 2 | | | 72/3 |
| **Вкупно ЗОМ** | | | | **15 (17)** | | | **540/27** |
| ОМЗС | Општообразовен модул значаен за одреден сектор | П1 | Математика | 3 | | | 108/5 |
| | | П2 | Физика | 2 | | | 72/3 |
| **Вкупно ОМЗС** | | | | **5** | | | **180/8** |
| **Вкупно ОО (ЗОМ+ОМЗС)** | | | | **20 (22)** | | | **720/35** |
| **II. СО** | **СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | | |
| **ЗСМ** | **Задолжителни стручни модули** | | | | | | |
| ЗСМ1 | Градежништво, геодезија и други сектори | П1 | Градежништво, геодезија и други сектори на квалификации | 2 | | 2 | 72/3 |
| | | П2 | Техничко цртање со компјутерска комуникација | 2 | 1 | | 72/3 |
| | | П3 | Нацртна геометрија | 2 | 1 | | 72/3 |
| **Вкупно ЗСМ** | | | | **6** | | | **216/9** |
| **Практична настава (ПН) и вежби (В)** | | | | **4** | | | **144/6** |
| **Вкупно ЗСМ + ПН + В** | | | | **10** | | | **360/15** |
| **III. ПО** | **ПРАКТИЧНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | | |
| | Феријална практика | | | 10 дена | | | |
| **Вкупно СО (ЗСМ + ПН + В) +ПО** | | | | **10** | | | **360/15** |
| **Вкупно часови неделно/годишно/кредити (ОО+СО+ПО)** | | | | **30/1080/50** | | | |
| **IV.СПУ** | **СОДРЖИНИ ПРОГРАМИРАНИ ОД УЧИЛИШТЕТО** | | | | | | |
| Содржини програмирани од училиштето | | | | 2 | | | 72/3 |
| **Вкупно кредити** | | | | **50** | | | |

Прилог бр. 2: Наставен план за прва година за квалификацијата Градежен техничар со извршено нивелирање и со определени 60 кредити за наставните програми:

| Ознака на прог. подр. и модули | Програмски подрачја и модули | Ознака на предметите | Предмети | Број на часови (неделно - теорија, вежби и практична настава и годишно) и број на кредити | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | I година | | | |
| | | | | НЧ | | | ГЧ/к |
| | | | | Т | В | ПН | |
| **I. ОО** | **ОПШТО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | | |
| ЗОМ | Заеднички општообразовен модул | П1 | Македонски јазик и литература, а за учениците од другите заедници: албански јазик и литература, турски јазик и литература или српски јазик и литература | 3 | | | 108/7 |
| | | | Македонски јазик и литература за учениците од другите заедници | (2) | | | 72/3 |
| | | П2 | Англиски јазик | 2 | | | 72/4 |
| | | П3 | Историја | 2 | | | 72/3 |
| | | П4 | Информатика | 2 | | | 72/4 |
| | | П5 | Музичка култура | 1 | | | 36/2 |
| | | П6 | Ликовна уметност | 1 | | | 36/2 |
| | | П7 | Граѓанско образование | 2 | | | 72/3 |
| | | П8 | Спорт и спортски активности | 2 | | | 72/3 |
| **Вкупно ЗОМ** | | | | **15 (17)** | | | **540/31** |
| ОМЗС | Општообразовен модул значаен за одреден сектор | П1 | Математика | 3 | | | 108/7 |
| | | П2 | Физика | 2 | | | 72/4 |
| **Вкупно ОМЗС** | | | | **5** | | | **180/11** |
| **Вкупно ОО (ЗОМ+ОМЗС)** | | | | **20 (22)** | | | **720/42** |
| **II. СО** | **СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | | |
| **ЗСМ** | **Задолжителни стручни модули** | | | | | | |
| ЗСМ1 | Градежништво, геодезија и други сектори | П1 | Градежништво, геодезија и други сектори на квалификации | 2 | | 2 | 72/4 |
| | | П2 | Техничко цртање со компјутерска комуникација | 2 | 1 | | 72/4 |
| | | П3 | Нацртна геометрија | 2 | 1 | | 72/4 |
| **Вкупно ЗСМ** | | | | **6** | | | **216/12** |
| **Практична настава (ПН) и вежби (В)** | | | | **4** | | | **144/6** |
| **Вкупно ЗСМ + ПН + В** | | | | **10** | | | **360/18** |
| **III. ПО** | **ПРАКТИЧНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | | |
| | Феријална практика | | | 10 дена | | | |
| **Вкупно СО (ЗСМ + ПН + В) +ПО** | | | | **10** | | | **360/18** |
| **Вкупно часови неделно/годишно/кредити (ОО+СО+ПО)** | | | | **30/1080/60** | | | |
| **IV.СПУ** | **СОДРЖИНИ ПРОГРАМИРАНИ ОД УЧИЛИШТЕТО** | | | | | | |
| Содржини програмирани од училиштето | | | | 2 | | | 72/3 |
| **Вкупно кредити** | | | | **60** | | | |

Прилог бр. 3: Препорака на ЕП и советот за воспоставување на ЕЦВЕТ

# ПРЕПОРАКА НА ЕВРОПСКИОТ ПАРАЛЕМЕНТ И СОВЕТОТ

## од 18 јуни 2009 г.

## за востановување Европски кредит систем за стручно образование и обука (ЕЦВЕТ):

## (Текст со релевантност за Европската економска област)

(2009/C 155/02)

ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ И СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

Имајќи го предвид Договорот за основа на Европската заедница, а особено Член 149(4)и Член 150(4) од истиот,

имајќи го предвид предлогот од Комисијата,

имајќи го предвид мислењето на Европскиот економски и социјален комитет ([1])

имајќи го предвид мислењето на Комитетот за региони ([2]),

постапувајќи во согласност со процедурата во Член 251 од Договорот ([3])

каде што:

(1) Развојот и признавањето на знаењето, вештините и компетенциите на граѓаните се од суштинско значење за личен и професионален развој, како и за конкурентност, вработување и социјална кохезија во Заедницата. Во таа смисла, тие треба да ја олеснат транснационалната мобилност на работниците и учениците и да придонесат кон задоволување на барањата за понуда и побарувачка на европскиот пазар на труд. Затоа, учеството во доживотно учење без граници за сите, и трансфер, признавање и акумулација на индивидуалните резултати од учење постигнато во формален, информален и неформален контекст треба да се промовира и унапредува на ниво на Заедницата.

(2) Лисабонскиот совет од 2000 година заклучи дека зголемувањето на транспарентноста на квалификациите треба да биде една од главните компоненти неопходни за адаптирање на системите за образование и обука во Заедницата според барањата на општеството базирано на знаење. Покрај тоа, Европскиот совет од Барселона во 2002 година ја истакна важноста од унапредување на методите за транспарентност и признавање во областа на стручното образование и обука (СОО).

(3) Шемите за СОО, една од главните области на доживотното учење, се директно поврзани со општото и високото образование и со политиките за вработување и социјалните политики на секоја земја-членка. Преку нивното меѓусекторско влијание, тие не само што ја промовираат конкурентноста на европската економија и задоволувањето на потребите на пазарот на труд, туку исто така и кохезијата, еднаквоста и учеството и вклученоста на граѓаните.

[1] OJ C 100, 30.4.2009, стр. 40.

[2] OJ C 325, 19.12.2008, стр. 48.

[3] Позиција на Европскиот парламент од 18 декември 2018 г. (се уште необјавена во Службен весник и Одлука на Советот од 11 мај 2009.

(4) Резолуцијата на Советот до 19 декември 2002 г. за промовирање на унапредената европска соработка во СОО [4] („Копенхашки процес“), и заедничкиот преоден извештај од 2004 г. на Советот и Комисијата за имплементација на работната програма за образование и обука 2010 г. [5], ја нагласуваат важноста на системот за кредит трансфер во СОО, додека пак заедничкиот извештај за напредок од 2008 г. на Советот и комисијата [6] ја истакнува потребата од вложување поголеми напори за унапредување на квалитетот и атрактивноста на СОО.

(5) Заклучоците од состанокот на Советот и претставниците на владите на земјите-членки што се одржа во Советот на 15 ноември 2004 г за Идните приоритети за унапредување на европската соработка во СОО му дадоа приоритет на развојот и имплементацијата на Европскиот кредит трансфер систем за СОО со цел да им се овозможи на учениците да се надградуваат на постигнувањата што произлегуваат од нивните патеки на учење кога се движат низ различни системи за СОО.

(6) Целта на оваа Препорака е да се креира Европски кредит систем за СОО (ЕЦВЕТ) кој ќе го олесни трансферот, признавањето и акумулацијата на оценетите резултати од учење на лицата што сакаат да постигнат квалификација. Тоа ќе го унапреди општото разбирање на резултатите од учење и нивната транспарентност, транснационалната мобилност и преносливост и, таму каде што е соодветно, во земјите-членки во една област на доживотно учење без граници, и ќе ја зголеми мобилноста и преносливоста на квалификациите на национално ниво меѓу различните економски сектори и на пазарот на труд; покрај тоа. тој ќе придонесе за развој и експанзија на европската соработка во образованието и обуката.

[4] OJ C 13, 18.1.2003, стр. 2.

[5] OJ C 104, 30.4.2004, стр. 1.

[6] OJ C 86, 5.4.2008, стр. 1.

(7) ЕЦВЕТ треба да се заснова на принципите и техничките спецификации наведени во Анекс II. Исто така, тој треба да биде поткрепен со заедничките принципи за обезбедување квалитет содржани во заклучоците на Советот од 28 мај 2004 г. за Обезбедување квалитет во СОО и Препораката на Европскиот парламент и на Советот од 18 јуни 2009 г. за востановување Референтна рамка за обезбедување квалитет за стручното образование и обука ([1]).

(8) ЕЦВЕТ е применлив за сите резултати од учење коишто во принцип би требало да можат да се постигнат преку низа патеки на образование и учење на сите нивоа во Европската рамка на квалификации за доживотно учење (ЕРК), а потоа да се трансферираат и признаат. Затоа, оваа препорака треба да придонесе кон пошироки цели на промовирање на во животното учење и зголемување на вработливоста, отвореноста кон мобилност и социјална инклузија на работниците и учениците. Таа особено треба да го олесни развојот на флексибилни индивидуализирани патеки и признавањето на оние резултати од учење кои се стекнуваат преку неформално и информално учење.

(9) Транспарентни принципи за обезбедување квалитет, размена на информации и развој на партнерства меѓу институциите надлежни за квалификации, даватели на СОО и други релевантни чинители што би требало да помогне да се изгради меѓусебна доверба и да ја олесни имплементацијата на оваа препорака.

(10) Оваа препорака треба да ја потпомогне компатибилноста, споредливоста и комплементарноста на кредитните системи што се користат во СОО и Европскиот кредит трансфер систем (ЕКТС), кој се применува во високото образование, и со тоа да придонесе кон поголема пропустливост меѓу нивоата на образование и обука, во согласност со домашната законска регулатива и практика.

(11) Потврдувањето на оценетите резултати од учење од неформално и информално учење треба да се промовира во согласност со заклучоците на Советот од 28 мај 2004 г. за заедничките европски принципи за идентификација и потврдување на неформалното и информалното учење.

(12) Оваа препорака е комплементарна со препораката на Европскиот парламент и на Советот од 23 април 2008 г. за востановување на Европската рамка на квалификации за доживотно учење ([2]) која препорачува земјите-членки да ги промовираат тесните врски меѓу ЕРК и постојните или идните европски системи за кредит трансфер и акумулација на кредити во високото образование и СОО. Иако главната цел на ЕРК е да ја зголеми транспарентноста, споредливоста и преносливоста на стекнатите квалификации, ЕЦВЕТ има за цел да го олесни трансферот, признавањето и акумулацијата на резултатите од учење на индивидуите на нивната патека кон стекнување квалификација.

(13) Оваа препорака ја зема предвид одлуката бр. 2241/2004/ЕК на Европскиот парламент и на Советот од 15 декември 2004 г. за единствена рамка на Заедницата за транспарентност на квалификациите и компетенциите (Europass)([3]) и Препораката на Европскиот парламент и на Советот од 18 декември 2006 г. за транснационална мобилност во Заедницата за образование и обука. Европска повелба за квалитет на мобилноста ([4]).

(14) Оваа Препорака би требало да го олесни вклучувањето на надлежните локални и регионални власти во воспоставувањето врски меѓу

[1] Видете страница 1 од овој Службен весник.
[2] OJ C 111, 6.5.2008, стр. 1
[3] OJ L 390, 31.12.2004, стр. 6.
[4] OJ L 394, 30.12.2006, стр. 5.

националните и другите рамки на квалификации и системи, и ЕЦВЕТ, таму каде што е соодветно.

(15) Оваа препорака, не би требало да има влијание врз Директивата 2005/36/ЕК на Европскиот парламент и на Советот од 7 септември 2005 г. за признавање професионални квалификации ([5]) кои наметнуваат права и обврски како врз релевантните национални власти, така и за имигрантите. Примената на ЕЦВЕТ не би требало да влијае врз пристапот на пазарот на труд, каде што професионалните квалификации се признаваат во согласност со Директивата 2005/36/ЕК Покрај тоа, ЕЦВЕТ не значи дека граѓаните стекнуваат право автоматски да добиваат признавање на нивните резултати од учење или петни.

(16) Воведувањето и спроведувањето на ЕЦВЕТ е доброволно, во согласност со членовите 149 и 150 од договорот, и затоа може да се применува само во согласност со постојните домашни закони и прописи.

(17) Целите на оваа препорака се да обезбеди поддршка и надополнување на активностите на земјите-членки во насока на олеснување на соработката меѓу нив, зголемување на транспарентноста и промовирање на мобилноста и доживотното учење, но бидејќи тие не можат целосно да бидат постигнати од страна на земјите-членки, а можат подобро да се постигнат на ниво на Заедницата, таа може да усвои мерки во согласност со принципот на субсидијарност како што е наведено во член 5 од договорот. Во согласност со принципот за пропорционалност, како што е наведено во тој член, оваа препорака не оди подалеку од она што е неопходно за да се постигнат тие цели. Тоа значи дека оваа препорака не служи како замена ниту ги дефинира националните системи на квалификации или националните кредит систем, не пропишува специфични резултати од учење ниту индивидуални компетенции, и не бара фрагментација или хармонизација на различните системи на квалификации.

[5] OJ L 255, 30.9.2005, стр. 22.

СО ОВА, НА ЗЕМЈИТЕ-ЧЛЕНКИ ИМ СЕ ПРЕПОРАЧУВА:

1. Да го промовираат Европскиот кредит систем за стручното образование и обука (ЕЦВЕТ) како што е наведено во анексите I и II на сите нивоа на ЕРК, со упатување со квалификациите во СОО, со цел да се олесни транснационалната мобилност и признавање на резултатите од учење во СОО и безграничното доживотно учење;

2. Да ги создадат неопходните услови и да усвојат соодветни мерки, за да може започнувајќи од 2012 година - во согласност домашната законска регулатива и пракса и врз основа на истражувања и тестирања - ЕЦВЕТ постапно да се применува во квалификациите од СОО на сите нивоа во ЕРК и да се користи за целите на трансфер, признавање и акумулација на индивидуалните резултати од учење постигнати во формален, и таму каде што е соодветно, во неформален и информален контекст;

3. Да го поддржат развојот на националните и европските партнерства и мрежи во кои ќе бидат вклучени институции и власти одговорни за квалификации и дипломи даватели на СОО, социјални партнери и други релевантни чинители посветени на следење, спроведување и промовирање на ЕЦВЕТ;

4. Да се погрижат чинителите и индивидуалните лица во СОО да имаат пристап до информации и упатства за примена на ЕЦВЕТ, олеснувајќи ја притоа размената на информации меѓу земјите-членки. Исто така, треба да се погрижат, примената на ЕЦВЕТ во квалификациите да биде соодветно објавена од страна на надлежните власти, а соодветните „Europass“ документи, издадени од надлежните власти, да содржат јасни и релевантни информации;

5. Да ги применуваат заедничките принципи за обезбедување квалитет во СОО наведени во заклучоците на Советот од 28 мај 2004 г. за обезбедување квалитет во СОО, во согласност со домашната законска регулатива и практика, особено кога го применуваат ЕЦВЕТ во оценувањето, потврдувањето и признавањето на резултатите од учење;

6. Да обезбедат функционални механизми за координација и следење на соодветните нивоа, во согласност со законската регулатива, структурите и барањата на секоја земја-членка, со цел да се гарантира квалитет, транспарентнсот и конзистентност на иницијативите преземени за имплементација на ЕЦВЕТ.

ОДОБРУВАЊЕ НА НАМЕРАТА НА КОМИСИЈАТА ЗА:

1. Да ги поддржат земјите-членки при извршувањето на задачите наведени во точките од 1 до 6 и при примената на принципите и техничките спецификации на ЕЦВЕТ како што се наведени во Анекс II, особено преку олеснување, тестирање, соработка, меѓусебно учење, промовирање, информирање и консултации, обезбедувајќи при тоа пристап до материјали со упатства за сите заинтересирани граѓани.

2. Да изготват упатства и алатки за корисници и да ги приспособат документите на Europass во соработка со земјите-членки, домашните и европските експерти и корисници; да изготват план за унапредување на компатибилноста и комплементарноста на ЕЦВЕТ и ЕКТС коишто се применуваат во високото образование, во соработка со експерти од СОО и од високото образование и корисници на европско и национално ниво; и да обезбедуваат редовни информации за развојот на ЕЦВЕТ;

3. Да промовираат и заедно да учествуваат со земјите-членки во европската ЕЦВЕТ мрежа, која вклучува релевантни чинители на СОО и национални надлежни институции, со цел ширење на информации и поддршка на ЕЦВЕТ во земјите-членки и востановување одржлива платформа за размена на информации и искуства меѓу земјите-членки; формирање во рамките на оваа мрежа група на корисници на ЕЦВЕТ со цел да се придонесе кон ажурирање на

упатството за корисници и унапредување на квалитетот и глобалната кохерентност на процесот на соработка за имплементација на ЕЦВЕТ;

4. Да ги следат и да дадат мислење за преземените активности, вклучително и резултатите од тестирањата, а по оценувањето и евалуацијата на оваа активност, спроведена во соработка со земјите-членки, да го известат Европскиот парламент и Советот до 18 јуни 2014 г. за стекнатите искуства и импликациите во иднина, вклучително, ако е потребно, и ревизија и адаптација на оваа препорака, вклучително и ажурирање на анексите и материјалот со упатства, во соработка со земјите-членки.

Подготвено во Брисел, 18 јуни 2009 г.

| | |
|---|---|
| *За Европскиот парламент* | *За Советот* |
| *Претседател* | *Претседател* |
| Х. Г. ПОТЕРИНГ (H.-G. PÖTTERING) | Штефан ФУЛЕ (Štefan FÜLE) |

*АНЕКС I*

## ДЕФИНИЦИИ

За целите на оваа препорака, се применуваат следните дефиниции:

(а) „Квалификација“ значи формален резултат од процес на оценување и потврдување, што се добива кога надлежна институција ќе утврди дека индивидуата ги постигнала резултатите од учење според утврдените стандарди;

(б) „Резултати од учење“ се искази за тоа што ученикот знае, разбира и е способен да работи по завршување на процесот на учење, и кои се дефинирани во смисла на знаење, вештини и компетенции;

(в) „Модуларна единица“ претставува компонента на квалификација, што се состои од кохерентен збир на знаење, вештини и компетенции што можат да се оценат и потврдат;

(г) „Кредит за резултати од учење“ (кредит) значи збир на резултати од учење на една индивидуа коишто се оценети и можат да се акумулираат во насока на стекнување квалификација или да се трансферираат во други програми за учење или квалификации;

(д) „Надлежна институција“ значи институција којашто е одговорна за дизајнирање и доделување квалификации или признавање единици или други функции поврзани со ЕЦВЕТ, како на пример, доделување ЕЦВЕТ поени на квалификации и единици, оценување, потврдување и признавање на резултати од учење, според правилата и практиките на земјите-учеснички;

(ѓ) „Оценување на резултатите од учење“ значи методи и процеси што се користат за утврдување на степенот до кој ученикот всушност го стекнал определеното знаење, вештини и компетенции;

(е) „Потврдување на резултатите од учење“ значи процес на потврдување дека определените оценети резултати од учење се постигнати од страна на ученикот и дека кореспондираат со специфичните резултати што може да се бараат за определена единица или квалификација;

(ж) „Признавање на резултатите од учење“ значи процес на официјално потврдување на постигнатите резултати од учење преку издавање уверенија за одредени модуларни единици или квалификации;

(з) „ЕЦВЕТ“ претставува нумерички приказ на глобалната тежина на резултатите од учење во една квалификација и релативната тежина на модуларните единици во однос на квалификацијата.

*АНЕКС II*

## ЕЦВЕТ - ПРИНЦИПИ И ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

ЕЦВЕТ претставува техничка рамка за трансфер, признавање и, таму каде што е соодветно, акумулација на резултатите од учење на индивидуите, во насока на постигнување квалификација. Алатките и методологијата на ЕЦВЕТ се состојат од опишување на квалификациите со соодветни поени во смисла на единици на резултати од учење, процес на трансфер и акумулација и комплементарни документи, какви што се договори за учење, уверенија од досиеја и упатства за корисници на ЕЦВЕТ.

ЕЦВЕТ има за цел да го олесни признавањето на резултатите од учење во согласност со домашната законска регулатива, во рамката на мобилност, заради постигнување квалификација. Треба да се истакне дека, ЕЦВЕТ не значи дека граѓаните стекнуваат право автоматски да добиваат признавање на нивните резултати од учење или поени. Неговата примена за дадена квалификација е во согласност со законската регулатива, правила и прописи што се применуваат во земјите-членки и се заснова на следните принципи и технички спецификации:

### 1. Единици на резултати од учење

Единица претставува компонента на квалификација, што се состои од кохерентен збир на знаење, вештини и компетенции што можат да се оценат и потврдат со соодветни ЕЦВЕТ поени. Квалификацијата, во основа содржи неколку единици и е сочинета од целиот збир на единици. Така, ученикот може да постигне квалификација со акумулирање на потребните единици, постигнати во различни земји и контексти (формален, и таму каде што е соодветно, неформален и информален контекст), почитувајќи ја домашната законска регулатива што се однесува на акумулирање единици и признавање на резултатите од учење.

Единици што сочинуваат една квалификација треба да бидат:

— опишани на читлив и јасен начин, осврнувајќи се на знаењето, вештини и компетенциите содржани во нив,

— дизајнирани и организирани на кохерентен начин во однос на глобалната квалификација,

— дизајнирани на начин кој овозможува дискретно оценување и потврдување на резултатите од учење содржани во единицата.

Одредена единица може да биде специфична за една квалификација или заедничка за неколку квалификации. Очекуваните резултати од учење што дефинираат една единица може да се постигнат без оглед местото и начинот на учење. Така, единицата не смее да се поистоветува со компонента на формална образовна програма или обезбедување обука.

Правилата и процедурите за дефинирање на карактеристиките на единиците на резултати од учење и за комбинирање и акумулирање единица за дадена квалификација се дефинирани од надлежни институции и партнери вклучени во процесот на обука, согласно со националните или регионалните правила.

Спецификациите за одредена единица треба да содржат:

— генерички назив на единицата,

— генерички назив на квалификацијата (или квалификациите) со кои е поврзана единицата, таму каде што е применливо,

— упатувања до квалификацијата согласно со нивото во ЕРК, и таму каде што е соодветно, националната рамка на квалификации (НРК), со ЕЦВЕТ кредитни поени поврзани со квалификацијата,

— резултатите од учење содржани во единицата,

— процедури и критериуми за оценување на овие резултати од учење,

— ЕЦВЕТ поени што се однесуваат на единицата,

— време, таму каде што е тоа релевантно.

**2. Трансфер и акумулација на резултати од учење, ЕЦВЕТ партнерство**

Во ЕЦВЕТ, единиците на резултати од учење постигнати во еден контекст се оценуваат, а по успешното оценување, се трансферираат во друг контекст. Во овој втор контекст, тие се потврдуваат и признаваат од надлежна институција како дел од барањата за квалификацијата што лицето се стреми да ја постигне. Потоа, единиците на резултати од учење можат да се акумулираат во насока кон оваа квалификација, во согласност со националните или регионалните правила. Процедурите и упатствата за оценување, потврдување, акумулација и признавање на единиците на резултати од учење ги изработуваат релевантни надлежни институции и партнери вклучени во процесот на обука.

Трансферот на кредити, кој е базиран на ЕЦВЕТ и кој се применува на резултатите од учење постигнати во контекст на формално учење, може да се олесни преку воспоставување партнерства и мрежи во кои ќе бидат вклучени надлежни институции, секоја од нив со овластувања во својот домен за доделување квалификации или единици или пак за доделување кредити за постигнатите резултати од учење, за трансфер и потврдување.

Воспоставувањето партнерства има за цел да:

— обезбеди општа рамка за соработка и вмрежување меѓу партнерите, опишана во Меморандуми за соработка, преку кои се постигнува клима за меѓусебна доверба,

— им помогне на партнерите при креирањето на конкретни подготовки за трансфер на кредити за учениците.

Меморандумите за разбирање треба да потврдат дека партнерите:

— меѓусебно го прифаќаат статусот на надлежните институции,

— меѓусебно ги прифаќаат системите за обезбедување квалитет, критериумите и процедурите за оценување, потврдување и признавање како задоволителни за целите на трансферот на кредити,

— се согласни околу условите на функционирање на партнерството, како на пример, цели, времетраење и аранжмани за ревизија на Меморандумот за соработка,

— се постигне согласност за споредливоста на квалификациите во врска со целите на трансферот на кредити, користејќи ги референтните нивоа утврдени со ЕРК,

— идентификација на другите актери и надлежни институции што би можеле да бидат инволвирани во процесот и во нивните функции.

За применување на ЕЦВЕТ кај резултатите од учење постигнати во неформален или информален контекст на учење или надвор од рамката на Меморандумот за соработка, надлежната институција која е овластена да доделува квалификации или единици или да дава кредити треба да востанови процедури и механизми за идентификација, потврдување и признавање на овие резултати од учење преку доделување на соодветни единици и сродни ЕЦВЕТ поени.

### 3. Договор за учење и лично досие

За примена на трансферот на кредити во кој се вклучени два партнери и определен ученик кој е мобилен, договорот за учење се склучува меѓу двете надлежни институции вклучени во обуката и процесот на потврдување и ученикот во рамките на Меморандумот за разбирање. Тој треба да:

— да направи разлика меѓу надлежна „матична институција“ и „институција домаќин“ ([1]),

— да ги содржи конкретните услови за периодот на мобилност, како на пример идентитет на ученикот, времетраење на периодот на мобилност, резултати од учење што се очекува да бидат постигнати и соодветните ЕЦВЕТ поени.

Договорот за учење треба да наведе дека, ако ученикот ги постигнал очекуваните резултати од учење и тие се позитивно оценети од „институцијата домаќин“, „матичната институција треба да ги потврди и признае како дел од барањата за одредена квалификација, согласно со правилата и процедурите утврдени од надлежната институција.

Трансферот меѓу партнерите може да се применува на резултатите од учење постигнати во формален контекст, и таму каде што е соодветно, во

[1] Матична институција“ е институцијата која што ги потврдува и признава резултатите од учење постигнати од ученикот. „Институција домаќин“ е институцијата којашто ја обезбедува обуката за засегнатите резултати од учење и го оценува постигнатите резултати од учење.

неформален и информален контекст. Така, трансферот на кредити за постигнатите резултати од учење со состои од три фази:

— „институцијата домаќин“ ги оценува постигнатите резултати од учење и му доделува кредити на ученикот; постигнатите резултати од учење и соодветните ЕЦВЕТ поени се запишуваат во личното досие на ученикот ([1]),

— „матичната институција“ ги потврдува кредитите како соодветен доказ за постигнувањата на ученикот,

— „матичната институција“ потоа ги признава резултатите од учење што биле стекнати; ова признавање води до доделување на единиците и нивните соодветни ЕЦВЕТ поени согласно со правилата на „матичниот“ систем.

Потврдувањето и признавањето на надлежната „матична институција„ зависи од успешното оценување на резултатите од учење од надлежната „институција домаќин“ во согласност со договорените процедури и критериуми за обезбедување квалитет.

## 4. ЕЦВЕТ поени

ЕЦВЕТ поени обезбедуваат комплементарни информации за квалификациите и единиците во нумеричка форма. Тие немаат вредност независна од стекнатите резултати од учење за определената квалификација на која се однесуваат и го отсликуваат постигнувањето и акумулацијата на единици. За да се овозможи заеднички пристап во употребата на ЕЦВЕТ поени, се применува правило според кое 60 поени се доделуваат на резултати од учење што се очекува да бидат постигнати во една година на формално редовно стручно образование и обука.

Во ЕЦВЕТ, доделувањето поени обично се одвива во две фази: ЕЦВЕТ поенти се доделуваат прво на квалификација, како целина, а потоа на нејзините единици. За дадена квалификација, еден формален контекст на учење се зема како појдовна точка или референца, а потоа врз основа на правилото се доделуваат вкупниот број поени на квалификацијата. Од овој вкупен број, ЕЦВЕТ поените потоа се доделуваат на секоја единица според нивната релативна тежина во рамките на квалификацијата.

За квалификациите коишто немаат референца за формални патеки на учење, ЕЦВЕТ кредитните поени може да се доделат преку проценување, со споредување со друга квалификација за којашто има референца за формален контекст. За да воспостави споредливост на квалификациите, надлежната институција треба да го погледне еквивалентното ниво во ЕРК, или ако е можно, нивото во НРК, или сличноста на резултатите од учење во тесно поврзано сродно професионално поле.

Релативната тежина на единица на резултати од учење, во однос на квалификацијата треба да се утврди според следните критериуми или комбинација на критериуми:

— релативната важност на резултатите од учење за учество на пазарот на труд, за напредување кон други нивоа на квалификацијата или за

[1] Лично досие претставува документ во кој детално се наведени оценетите резултати од учење на ученикот, единиците и доделените ЕЦВЕТ поени.

социјална интеграција,

— сложеност, домен и обем на резултатите од учење во единицата,

— трудот што ученикот треба да го вложи за да го стекне знаењето, вештините и компетенциите потребни за единицата.

Релативната тежина на која било единица заедничка за неколку квалификации, како што е изразена во ЕЦВЕТ поени, може да варира од една до друга од овие квалификации.

Доделувањето ЕЦВЕТ поени е дел од вообичаеното развивање квалификации и единици. Квалификациите ги развива надлежната институција одговорна за развивање и одржување на квалификациите или конкретно овластена институција за оваа задача. Во земји каде што веќе постои национален систем за поени, релевантните надлежни институции воспоставува подготовки за конверзија на националните кредитни поени во ЕЦВЕТ поени.

Успешното постигнување на квалификацијата или на единицата, иницира доделување соодветни ЕЦВЕТ поени, независно од реалното време потребно за нивно постигнување.

Обично, трансферот на една единица вклучува трансфер на соодветните ЕЦВЕТ поени за тие да бидат вклучени кога ќе се признаваат трансферирани резултатите од учење, во согласност со националните или регионалните правила. Од самата надлежна институција зависи, таму каде што е потребно дали ќе ги земе предвид ЕЦВЕТ поените, доколку правилата и методологиите што се усвоени за оваа цел, се транспарентни и ги поддржуваат принципите за обезбедување квалитет.

Секоја квалификација стекната преку неформално или информално учење за коишто може да се идентификуваат референци за формални патеки на учење и соодветните единици ги носи истите ЕЦВЕТ поени како и референцата, бидејќи се постигнати истите резултати од учење.